**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 декември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме 63 присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеничките Весна Јовановска и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор Г. министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници уште еднаш би замолил до колку е можно денеска да се разгледува Законот за финансиски трансакции, мислам на измените и дополнувањата во правец на пролонгирање на Законот и исто така да се разгледаат другите три итни точки, а тоа е Законот за девизно работење, имаме повторно пролонгирање, Законот за трансформација на Заводот за платен промет и Законот за државни службеници.

Сите тие закони се од 88-та седница така што би замолил, ако може, денеска да се почне со 88-та седница, па подоцна да се продолжи по буџетот.

Инаку, кај тие точки поголем дел од процедурите се поминати општата расправа е помината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на 12-та точка од дневниот ред Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет, со Предлог на закон.

Бидејќи претресот е заклучен по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлага да го донесе следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет.

Ве молам да гласаме.

( по гласањето)

Гласале вкупно 73 пратеници , од кои 68 за, четири воздржа-но гласале и еден гласал против. Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Сега гласале вкупно 67 пратеници, за гласале 62 пратеника, воздржано гласале пет пратеници, никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Васил Ефтимов, Васил Гаџовски и Коце Трајановски поднесоа амандмани на член 1 и за додавање нови два члена по членот 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Милан Ставрев поднесен амандман за додаваше два нови члена 1-а, и 1-6 по членот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Делчо Ицков поднесе амандман за додавање ноз член 1-а по членот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Васил Ефтимов, Васил Гаџовски и Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Г. ми нистер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена по членот 1, поднесен од пратениците Васил Ефтимов, Васил Гаџовски и Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, од кои 18 гласале за, воздржано гласале девет а дваесет и девет се против.

Ве молам дајте да се утврди точен број на присутни пратеници зарем веднаш избегале.

6 7 пратеници има во салата, според тоа гласањето важи.

Амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 1-а и 1-б, по членот 1, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а, по членот 1, поднесен од пратеникот Делчо Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се признесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

И овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор Г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г. претседателе, Г. пратеници,

Законот за кој дебатираме денеска понуден од Владата на РМ се состои во измена на два збора. Наместо централен регистер - централен депозитар. Сега министерот во оваа гужва која настанува со илјадници хартии на нашите маси прифати пет амандмани, колку што успеав да ги избројам, и го молам министерот пред да гласаме да ни објасни што всушност е сега законот, со оглед дека 500% повеќе измени прифати од колку ги понуди самиот, да знаеме за што гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со оглед на тоа дека се работи за многу кус закон, а текстуално е доста зголемен сега со амандманите, министерот би требало да даде појаснување во што е промената.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Има кекои технички, а некои посуштествени, но сето тоа е направено во консултација со премиерот и со членови на Владата. Се работи за следното. По затворањето на ЗПП оној имот, опрема, средства за работа и сите други работи што ќе останат од ЗПП нема да бидат распределени, бидејќи најголем дел ќе бидат распределени, ги распределува Владата на РМ по предлог на министерот за финансии. Секако дека нешн ќе остане нераспределено, тоа е амандманот од Г. Ставрев и навистина кога го видовме веднаш се исконсултиравме и видовме дека е прифатлив амандманот.

Има уште еден амандман кој е малку посуштински, има уште еден технички но тој нема да го коментирам, се работи за тоа кога треба да биде донесен конечниот деловен биланс, а тоа е најдоцна до 15 март, што е исто така прифатливо, тоа е амандманот на Г. Делчо Ицков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 50 гласале за, воздржано гласале 15, пет гласале против.

Еве имаме уште еден пратеник што гласал за, што значи за гласале 51 пратеник, а вкупно гласале 71 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет.

Минуваме на 14-та точка од дневниот ред Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за девизно работење.

Ве молам да гласаме.

Ве молам запретего гласањето, Г. Бузлевски бара збор да каже дали ќе гласа.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници од Владата.

Законот е краток по својата содржина, меѓутоа Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за девизно работење е доста суштински. Измената се предлага во два члена, во членот 1 се предлага да се измени член 62 и важноста на законот да се помести од 31 демеври 2001 година да се применува од 1 мај 2002 година.

Мислам дека со ова се повторува една грешка која претходно е направена затоа што ако правилно се чита досегашното решение излегува дека во периодот на донесување на законот за девизно работење, тоа беше во мај 2001 година, период во кој со член 61 со денот на влегување во сила на овој закон значи на тој Зкаон, претстанува да важи Законот за девизно работење и Законот за кредитни односи со странство, од 3 мај 2001 година наваму во Македонија нема закон за

девизно работење, нема закон за кредитни односи со странство. Тоа значи дека во областа на девизната политика и во областа на кредитните односи со странство во Македонија нема Закон, беззаконие е. Тоа не е добро, можеби е добро за Владата која го предлага ова да нема закон за девизно работење, но не е добро за субјектите кои се во процесот на деловна активност која е сврзана со девизното работење и со кредитните односи со странство затоа што евентуалните судски спорови кои би настанале по тој основ нема по кој закон да се решаваат.

Затоа јас нема да гласам за овој закон. Владата треба да предложи измена и на член 61 со кој ќе овозможи до стапување во сила на овој закон да важи стариот Закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 7 3 пратеници од кои 53 за, седум воздржано и 12 пратеници гласале против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 55 за, воздржано гласале двајца пратеници и против гласале 11 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам , кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Слободан Косев поднесе амандмани за додавање нов член 1 по насловот и на член 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Миалн Ставрев поднесе амандман на член 1 и истиот е повлечен.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 насловот поднесен од пратеникот Слободан Ќосев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Слободан Ќосев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што ситуацијата во земјата сеуште не е нормализирана, ние цениме дека овој амандман треба да се прифати.

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 54 за, воздржано гласале двајца пратници и против гласале 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за иземнување на Законот за девизно работеше.

Минуваме на 15-та точка од дневниот ред - Предлог за доне-сување на закон за изменување на Законот за данок на финансиски трансакции, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за финансиски трансакции.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 53 гласале за, воздржано гласале 15 пратеници, против гласале двајца пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 53, воздржано гласале девет, против гласале четири пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г. претседателе пратеничката група на СДСМ нема да се согласи со донесувањето на овој закон од причини што во основа ги елабориравме во изминатите два дена во врска со начинот на кој се зафаќаат средствата, нивната намена и по наше видување сериозното разидување на проценките на претседателот на Владата, на Г. Трајковски, на министерот за одбрана и на министерот за финансии кои ни се соопштуваат по овој повод во Собранието на РМ. Ќе имавме одредено разбирање до колку Владата предложеше овој закон наместо да важи за цела 200 2 година, да важи до 31 јули 2002 година, па после шест месеци одново да се проценат и буџетските и финансиските аспекти на законот во корелација со тогашната по шест месеци безбедносна состојба во РМ.

Начинот на кој сега е проектиран законот практично упатува на фактот дека Владата проектира траење на кризата воена и безбедносна во Македонија до крајот на 200 2 година, што мислиме дека нема никаква политичка и било каква друга смисла.

Затоа во вакви услови неможеме да го поддржиме законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот, за додавање нов член 1 пред членот 1, за додавање нов член 2 по новиот член 1, за додавање нов член 3 по новиот член 2, за додавање нов член 4 по новиот член 3 и за додавање нов член 5 по новиот член 4. Тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на новиот член 2 за бришење на точката 10 и истиот го повлече.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на новиот член 2, за менување на точката 10 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандмани на новиот член 1 став 1 и на членот 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на новиот член 1 по став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на новиот член 2, за менување на точката 10, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 75 пратеници.

За гласале 53 пратеници, воздржано двајца и против гласале 20 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на финансиски трансакции.

Минуваме на 19 точка - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменвуање на Законот за државните службеници.

Молам, да гласале.

Вкупно гласале 73 пратеници.

За гласале 62 пратеници, воздржани тројца и против гласале осум пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 75 пратеници.

За гласале 63 пратеници, воздржани шест и против гласале шест пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текс-тот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници.

За гласале 64 пратеници, воздржано четири и против гласале четири пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за државните службеници.

(Седницата прекина во 15,00 часот).